Д-р Јованка *ДЕНКОВА*

# ***Фолклорната фантастика како инспирација***

(*Седмичка малата вештеричка*, Славка Манева, Детска радост, Скопје, 2001)

Поголемиот број теоретичари на литературата се согласуваат со тврдењето дека корените на фантастиката во македонската литература ,,лежат” во два извора, односно, на појавата на фантастиката од една страна влијаат писателите на фантастиката од западно-европската и светската литература, а од друга народното творештво и тоа,...сказната и преданието како засебни жанри”.[1] Овие два фолклорни облика се сметаат за архетипови на книжевноста на имагинарното”- вели Лидија Капушевска-Дракулевска.[2]

Ако го прифатиме терминот *фантастично*, во потесна смисла на неговото значење, тогаш во литературата за деца фантастика има многу малку. Во литературата за деца и млади, фантастиката ја изменила својата физиономија. Тоа е логично, со оглед на низа причини од психолошка и педагошка природа. Имено, ,,деструктивниот и шокантен карактер на таквата фантастика - ѓаволи, демони, вампири, врколаци, вештерки, проклетства со страшна одмазда и останати многубројни реквизити на имагинацијата на злото, без оглед на својата најчесто сложена смисла, можат да предизвикаат двојно влијание врз детето-читател. Сиот тој свет, детето може да го прифати со еден поблаг интензитет, како што обично се случува со чудесниот свет на сказната, но таквото прифаќање значи одбегнување на примарните цели на тој вид фантастика. Од друга страна, детето може да доживее силно чувство на страв, несигурност и конфузија, со трауматични последици на психата”.[3]

Со делото ***Седмичка малата вештеричка***, Славка Манева дала пример за фолклорна фантастика преземена од чудесното со елементи на магиското и окултното. Овде, таа зборува за темата на вештерките, една тема која припаѓа на фолклорот, од каде се транспонирала во областа на чудесното. Оваа тема

---

[1] Loreta Georgievska-Jakovleva, *Fantastikata i makedonskiot roman*, Institut za makedonska literature, Skopje, 2001, str.80.
[2] Lidija Kapu{evska-Drakulevska, *Vo lavirintite na fantastikata*, Magor, Skopje, 1998, str.23.
[3] Novo Vukovi}, *Iza granica mogućeg*, Nau~na kwiga, Beograd, 1979, str. 12.

денес е почеста во фантастичната литература наменета за возрасните, а сосема малку е застапена во литературата за деца (посебно македонската). Од фолклорот, темата за вештерите, вештерките навлегла и во фантастиката и како таква, застапена е во многубројни класификации на фантастичната литература. Кај Влада Урошевиќ се застапени повеќе класификации.[4] На пример, оваа тема се среќава кај Монтегју Самерс, чија поделба се состои од ,,две поголеми групи на теми кои потоа се разделуваат во подгрупи”. Во втората група, која носи наслов ,,Дијаболизам, вештерство и проколнати науки”, како трета подгрупа е токму вештерството. И Питер Пензолт, во својата листа на теми и мотиви на фантастиката, ја посочува темата на вештерката. Во типологијата на Луј Вакс, присутна е групата ,,Игри на видливото и невидливото”, во која сосема оправдано може да се смести и темата на вештерките, особено кога ќе се земе во предвид фактот дека во дадениот текст, тие, по своја волја, можат да бидат видливи или невидливи. Во контекст на тоа, кај Роже Кајоа, како група, се среќава ,,Нешто што е неименливо и невидливо, но кое има своја тежина, кое ја покажува својата присутност, кое може да убие или да наштети”. Во класификацијата на Влада Урошевиќ, темата на вештерството, го наоѓа своето место во четвртата група на фантастични теми, во која спаѓаат ,,Теми во кои натприродното е поврзано со традиционални верувања (појавување на смртта, појавување на ѓаволот, потпаѓање под власт на демони, остварување на проклетства, дејствување со помош на магија, вештерство, окултистички постапки”(потцртаното-мое, Ј.Д.). Вештерките од текстот ***Седмичка малата вештеричка*** подготвуваат магии со кои им наштетуваат, им прават разни пакости на луѓето или луѓето под дејство на магиите потпаѓаат под нивно влијание, па согласно со тоа, се чини дека оваа група, иако доста широка, ги опфаќа ваквите теми и мотиви.

Според Вук Стефановиќ Караџиќ, ,,вештерка е жената која во себе има некој ѓаволски дух и се претвора во пеперутка, во кокошка или во мисирка, па лета по куќите и се храни со луѓе, а особено со мали деца”.[5] Според Нада

[4] Vlada Uro{evi}, *Demoni i galaksii*, Makedonska kniga, skopje, 1988, str. 155-160.

[5] Tihomir R. Ђorђeviћ, *Ve{tica i vila u na{em narodnom verovawu i predawu*, Srpski etnografski zbornik, kwiga, Srpska akademija nauka, Beograd, str.6 (Spored Nada Popoviћ - Peri{iћ, *Ve{tice*, Srpska fantastika, SANU, Beograd, 1989, str235.)

Поповиќ- Перишиќ, ова ни зборува за својството на преобразба, кое е типично за фантастиката. Во дадениот текст вештерките не се преобразуваат, па според тоа фантастичното од ваков тип - изостанува. И останатите верувања за вештерките изостануваат, како она дека жената не може да стане вештерка се додека не го изеде своето дете, потоа дека вештерките секогаш се стари и грди жени, дека имаат крст под носот, мустаќи и влакнести нозе, дека се големи заводнички, дека имаат зло око со кое можат да урочат некого, итн... Всушност, ова зборува дека вештерките можат да се набљудуваат како еден од елементите во фолклорните обрасци на фантастиката, каде таа е еден вид на преносител во кој се отсликуваат претставите на нашиот народ за постоењето на натприродните сили кои се помоќни од човекот. И Александар Прокопиев зборува за присутноста на ликот на бабата-вештерка во македонските народни приказни. Таму, таа се смета за некој вид на демонско суштество со големи и незамисливи моќи: ,,Демонската природа на вештерката (...) и нејзината магиска надмоќ, често се потенцира и преку нејзината грдотија и старост, што сугерира дека таа во себе носи голема сума на опасно знаење”.[6]

Се разбира, Славка Манева не сакала да ги уплаши децата, туку, пред сѐ, да ги забави и насмее, па затоа таа ги изостава овие особини на вештерките. Единствени нивни својства кои се изразени е способноста да летаат на метли, да ,,ги познаваат тајните на природата, растенијата, одредена моќ на супстанциите, таен јазик”[7], имаат голема сугестивна моќ со која, како некој внатрешен глас, им сугерираат на луѓето да прават злодела, го обожаваат златото: ,,...*вештерките многу сакаат да го гледаат блесокот на златото кога ќе изгрее полната месечина*”(стр.32). Позната е поврзаноста и фасцинираноста на вештерките со/од полната месечина. ,,Поврзувањето на жената со месечината има свој извор во сончевата космогонија, а има и морални па и сексуални конотации.... Лунарната жена е променлива и нејзините расположенија како и нејзините циклуси зависат од месечината: вештерките одржуваат сабат за време на полна месечина, берењето на лековитите билки чие растење го помага месечината се бере за време на полна месечина, итн. На тој начин, на знакот му се припишува реална моќ:  се воспоставува причиниски

[6] Aleksandar Prokopiev, *Patuvawata na skaznata*, Magor, Skopje, 1997, str.59.
[7] Spored Nada Popoviħ - Peri{iħ, *Ve{tice*, Srpska fantastika, SANU, Beograd, 1989, str. 238.

однос меѓу два поими и од тоа се изведува одредена пракса која нема никаква реална основа".[8]

***Седмичка малата вештеричка*** од Славка Манева го има конвенционалниот почеток на сказните: ,,*Далеку, далеку преку седум, осум, десет или можеби дванаесет мориња и планини*..."(стр.7)[9], иако уште во самиот вовед нараторот дава факти за веродостојноста на раскажаното, со зборовите дека *така му било раскажано*: ,,*Ова е стара, можеби најстара или дури и престара приказна за вештерскиот род. Мене ми ја раскажа баба ми, а нејзе баба ѝ, а на баба ѝ пак нејзината баба и којзнае од која баба почнува приказнава*"(стр.5,потцртаното-мое, Ј.Д.). Но, веднаш потоа, како еден вид на оправдување, нараторот како да се *извинува* со тоа што посочува дека и самиот се сомнева во точноста на приказната, со оглед на фактот дека во приказната се среќаваат современи елементи, типични за нашево време - спортски натпревари, модни ревии, па затоа и самиот наратор отворено се прашува: ,,*Ако оваа приказна е толку стара како што велеше таа, како можела тоа да ѝ го раскажува бабата на баба и или којзнае уште потаму која баба, кога тогаш немало ниту модни ревии ниту спортски натпревари? Баба ми многу гледаше телевизија и не е чудно некако да ги измешала работите, за да ни раскаже нешто интересно и возбудливо*"(стр.5,потцртаното-мое, Ј.Д.). ,,Традицијата на раскажување фантастични приказни постои уште од одамна. Сказните од фолклорот кои најчесто бабите (во функција на домашни воспитувачи) им ги раскажувале на децата, во кои натприродни креатури со злото сакаат да го совладаат човекот, биле раскажувани со застрашувачки призвук и биле одличен "лек" за палавите деца. Таму пораката од борбите на луѓето против вештерките и демоните била етичка: дека само со добрина и дисциплина можат да го совладаат злото. Подоцна, модерната литература во својот израз почнува делумно да ги користи фантастичните елементи од народната нарација, создавајќи нови приказни што го "фаќаат" моментот на современието: дека во тој магичен свет сега и децата можат да војуваат и да го надминат или да го победат злото.

[8] Nada Popoviħ - Peri{iħ,nav.delo, str.237.
[9] Citatite se od *Sedmi~ka malata ve{teri~ka*, Slavka Maneva, Detska radost, Skopje, 2001.

Како и сите натприродни суштества од сказните, вештерките живеат во непристапни места, до кои тешко или не е возможно да се стигне. Описот на планината, на чиј врв се наоѓа Вештерскиот град како да има нешто сенишно во себе: ,,*Планината е гола, без ниедно дрвце или џбунче. Наоколу сè се остри спили и карпи како огромни заби од некое страшно чудовиште. Доловите на планината и лете и зиме се полни со густа магла или кога таа некогаш се проретчува, се креваат некакви димови, како да излегуваат од големи казани скриени во земјата под градот. <u>Никаков пат не води дотаму</u>*”(стр.7, потцртаното-мое, Ј.Д.).

Вештерките се прикажани во согласност со народното верување, како грди, неуредни, а особено хуморно звучи описот на нивните куќи: ,,*Куќите не се метат и не се чистат никогаш, зашто вештерките не ги сакаат чистотата и уредноста. <u>Колку е куќата понечиста, толку се смета за поотмена во вештерскиот род</u>*”(стр.8, потцртаното-мое, Ј.Д). Особено се познати по својата лошотија: ,,*Вештерскиот град прекуден одекнува од кавги, тепаници и клетви.... Низ собата летаат капаци, тенџериња, тави.... Набргу сите ќе станат крвави од тепачката и со големи џумки на главите*...”(стр.8-10), но и по способноста за правење маѓии од ,,*змии, мртви птици, најчесто чавки, лилјаци, влакна од диви животни, жаби и ретки отровни тревки*”(стр.10). Вештерките се ценеле според способноста за правење маѓии: ,,*Секоја од нив си имаше свој рецепт за страшна маѓија. Особено беа силни маѓиите ако се приготвуваа кога времето беше врнежливо и мрачно*”(стр.11). Силата на маѓиите е поголема ако се приготвуваат ноќе, во осаменост, а особено ако ги содржат вистинските состојки. Маѓиите се сметале за најсилни и најделотворни, ако во нив, како состојки имало нокт од мечка и заби од волк, најголемите и најкрвожедните грабливци во природата. Во таков свет на омраза и лошотија во семејството на вештерката Зизи и најзиниот маж Зузу се родила и седмата ќерка - Седмичка, по претходните, Првичка, Вторичка, Третичка, Четвртичка, Петтичка и  Шестичка. Уште по раѓањето Седмичка го привлекла вниманието на себе со необичниот, *грд* изглед: ,,*Седмичка беше со сини очиња, тркалезни обравчиња, мало чпртесто носе и секогаш насмевната*”(стр. 13). Нејзината *грдотија* сите ја забележуваат и им се потсмеваат на родителите, заради што Седмичка постојано оди со покриена глава. Нејзиниот физички изглед со кој прилега повеќе на ,,човечко дете”, отколку на вештеричка е прикажан во тотална

спротивност на останатите припадници на вештерскиот род, така што од описот избива хуморен тон: ,,*Сите вештерички беа умни и убави девојчиња, ...со шилести бради, со долги носови и со големи тртки*”(стр.13), а убавината била поголема доколку имале повеќе тртки на носот. Вештерките се насликани во согласност со фолклорната концепција. Тука се мисли на нивната физиономија и злокобното смеење и кикотење од кои се замрзнува крвта во вените. Видливо е претерувањето во нивниот опис, а се знае дека секое претерување, хипербола или претерано изобличување создава погоден терен за појава на фантастичното. Двете сестри на Седмичка, Првичка и Второчка се избрани како најубави манекенки во Вештерскиот град, а еве како е прикажан нивниот изглед на ревијата: ,,*Првичка беше облечена во најтенки пајажини, ...од ракавите ѝ се вееја слободни партали, на чии краишта, пак, висеа големи мртви пајаци. На главата имаше венец од волчи заби што се белееја оддалеку на нејзината црна и немиена коса. Од возбуда, носот ѝ беше уште поиздолжен и црвен како пиперка*”(стр.58-59). Еве како е прикажана убавината на новото царче-вештерче, чие раѓање сите го слават: ,,*Носот долг, искривен, со пет тртки на него, главата сета со џумки, а очите како на жаба*”(стр.22). Седмичка се разликува од членовите на своето семејство и по тоа што ја сака природата, цвеќињата, песнопојните птици, не сака да им нанесува зло на луѓето, се ужаснува од злобните приказни за сторените пакости врз луѓето, а најмногу се плаши од неделата, кога е нејзиниот ред за раскажување на пакостите. Во тие денови, таа, бидејќи е невидлива, слободно се движи меѓу луѓето, особено меѓу селаните и овчарчињата, на кои им го потпалува огнот за да се згреат, му носи букет свежо цвеќе на болното девојче во градот, и воопшто, се обидува да им се приближи. Таа силно сочувствува со несреќата на луѓето на кои вештерскиот род им нанесува или им подметнува злодела, под влијание на направените магии. Тука спаѓа приказната за двајцата бездетни старци, Велко и Велика, на кои Првичка им го истура млекото, јајцата од кокошарникот, алиштата итн, потоа приказната за детето Баже кое ја унесреќува слепата баба со тоа што ги убива двете ластовички кои ѝ ги заменуваат починатите деца, приказната за лошиот Петре кој си ја тепа жената, а подоцна, се степува и со комшијата само затоа што не можат да се разминат на патот, приказната за завидливото девојче Лиле кое ја краде новата гума за бришење на сокласничката Билјана, приказната за пијаницата Коце кој под дејство на злобата на Шестичка, се опива и ја

запоставува работата и семејството и приказната за разгалениот Борче, кој со својот инает ги нервира родителите, соклaсниците и комшиите, заради што никој не сака да си игра со него. ,,Во мигот на средбата со ирелното (луѓето-мое) стануваат жртви на неговата сугестивната моќ (на магијата-мое), па дури и своевиден медиум преку кој делуваат ирационалните (натприродните, демонски-мое, Ј.Д.) сили... (...ликот е турнат во насилство)”[10], се подложува на искушенијата на пороците, се поттикнува на завист и сл. Пакоста, злото, лошотијата и себичноста се највисоките и најпосакуваните “доблести” во таа средина. Тоа е еден свет во кој сè е превртено наопаку и во кој за природно и нормално се смета сето она што го отфрлува здравиот разум.

Меѓу секое раскажување за сторените пакости и лошотилаци на некое од вештерчињата од семејството на Седмичка, авторот вметнал и епизоди кои соодветствуваат на урбаното и руралното секојдневие од реалниот живот. Така, како да избива свеста за паралелното постоење на тие два света, еден до друг. Фантастиката овде не е ненадеен упад на натприродното во реалниот свет, бидејќи во светот на луѓето, во реалниот свет, тој не предизвикува некакви трагични настани и потреси (како и во сказните), туку се манифестира само како ситна пакост или мало нанесување на штета, своеглавост на домашните животни или инает и непослушност на децата. Со сите тие елементи, авторката направила паралела меѓу светот на луѓето и светот на вештерите. Прикажала дека и тие имаат секојдневен живот. Додека мајките остануваат дома да приготвуваат магии, децата се задолжени да прават пакости меѓу луѓето, а татковците собираат состојки за магиите. И вештерскиот род оди на панаѓури, на свадби, на гости кај роднини, на модни ревии, на спортски натпревари... Потоа, зборувајќи за каприциозноста на вештерчињата, авторот зборува за каприциозноста на децата, воопшто. Имено, секоја година на вештерчињата им се купуваат нови метли, онака како што децата од реалниот свет ги израснуваат чевлите и при тоа и вештерчињата, како и децата не можат да се решат за бојата на метлата, т.е. чевлите. Во тоа паралелно постоење на двата света - реалниот и фантастичниот, Лорета Георгиевска-Јаковлева го согледува постоењето на фантастиката: ,,Фантастичниот свет може да се доживее како

[10] Marija \or|ieva, *Fantastikata kako revolt kon ustrojstvoto na svetot vo raskazite na Hofman i na Gogoq*, Literaturen zbor, br.3, Skopje, 2000, str.26.

рамноправен со реалниот, што е и основен предуслов за појавата на фантастичното".[11] Роже Кајоа, зборувајќи за разликите меѓу сказната и фантастичната приказна, ги спротивставила волшебниот и реалниот свет: ,,...светот на волшебноста и реалниот свет заемно се проникнуваат без судир и конфликт. ...Суштествата што ги населуваат се далеку од тоа да располагаат со подеднакви моќи. Едните се семоќни, другите речиси невооружени".[12] Едниот свет е видлив, реален, познат, обичен, секојдневен а другиот - невидлив, иреален, непознат, необичен, недостапен, нестварен, фантастичен. Границата која ги дели тие два света е планината на која се наоѓа Вештерскиот град и таа физички не може да се помине. Таа е насликана со многу хтонски обележја: планината на која се наоѓа Вештерскиот град е мрачна, ,,*гола, без ниедно дрвце или џбунче*", кога се подготвуваат маѓиите, пожелно е времето да биде ,,*грмежливо и мрачно*", при тоа е присутна една пеколна веселост, специфична за демонскиот свет, ,,*Сè клокотеше со големи клобурци, а вештерките се кикотеа со кресливи гласови од задоволство. Скокаа радосни околу казаните со големи лажици в раце и буричкаа во зовриената течност. Дотураа уште жаби или змии отровници, за да биде маѓијата уште посилна*" (стр.11), нивните живеалишта се мрачни, сиви и нечисти, и ги имаат задолжителните вештерски реквизити, потоа, вештерските свадби и прослави се закажуваат во најветровитите денови од месецот: ,,*Се сеќаваш ли колку беше убав денот на нашата свадба? Тогаш во градот, долу кај луѓето, ветрот искорна и испреврти многу стебла во парковите и ги симнуваше ќерамидите од покривите на куќите*" (стр.44). Можеби во светот на вештерскиот род сè што се случува е резултат на маѓиите, но во светот на реалноста на луѓето, сè што се случува ,,не ги надминува законите на природата и животот каков што го познаваме. Најмногу што може да се каже е дека тоа се чудни настани заради преголемата коинциденција".[13]

Во ова дело, кое мотивски произлегло од фолклорната традиција, а се надоградило со помош на елементите на сказната, Славка Манева си поставила задача да ја прикаже борбата меѓу доброто и злото, борба во која на крајот

[11] Loreta Georgievska-Jakovleva: *Fantastikata i makedonskiot roman*, Institut za makedonska literatura, Skopje, 2001, str.41.
[12] Ro`e Kajoa, *Od bajkite do nau~nata fantastika*, Razgledi, br.7, 1972, str. 728
[13] Cvetan Todorov, *Uvod u fantastičnu književnost*, Pečat, Beograd, 1987, str.32.

доброто ќе извојува победа, благодарение на чистото, добро срце на Седмичка. Таа, сочувствувајќи со несреќата на старците Велко и Велика, плаче искрено и неутешно, заради што станува видлива, се “очовечува”, отфрлувајќи го вештерското потекло, а со тоа се менува и името во - Добринка. Со солзите, со сочувството, Седмичка како да ја отфрлува “вештерската лушпа” и станува обичен човек со добро срце. Со тоа авторот отворено ја сугерира својата мисла дека единственото средство со кое луѓето можат да го победат вештерскиот род, кој е синоним за злото, се добрината, душевната убавина и чистота, сожалувањето, благородноста, итн... Значи, во овие приказни, свое место имаат овие опозитни категории на убавото и грдото, доброто и злото, за убавото човекот е награден, а за грдото главно е казнет. Зборувајќи за доброто и злото како категории во литературата за деца, Натка Мицковиќ истакнува дека доколку сѐ остане само на црно-белото сликање на светот во литературата за деца, односно ако ,,моралната поука е крајна тенденција на делото”, тоа може ,,да го деструира делото и да го оневозможи да постои како естетска функција”. Значи, доколку ,,остане во таа шема, тоа (делото-мое, Ј.Д.) ќе ги изгуби од предвид нијансите во нашиот постоен свет, ќе ги пренебрегне мотивациите кои луѓето ги определуваат кон еден или друг вид однесување во сета негова разновидност, ќе ја превиди сета разновидност на нашиот живот во кој ништо не е така просто, контрастирано во две бои”. Оттука, Натка Мицковиќ ги изведува основните воспитни можности на делата од литературата за деца: ,,...да го откриваат светот низ сето негово богатство на појави, да го опфатат човековото однесување во сета негова разновидност, и така, афирмирајќи го тоа непресушно разнообразие на светот, да ги откриваат страните на доброто. Децата, по правило, доброто и убавото ги чувствуваат како идентични или мошне блиски категории, а исто така и нивните опоненти, лошото и грдото, речиси ги изедначуваат”.[14] И зборовите на нараторот содржат филозофско-етичка димензија: ,,борбата за добрина и убавина во душата е посилна од сите вештерски водички и маѓии”. И самиот автор ја посочува морално-дидактичка интенција која ја имала при создавањето на ова ретко дело во македонската литература за деца и млади: “Првенствено, сакав да го пресечам стравот од вештерките кај децата. Тие во традицијата се прикажани како лоши суштества и

[14] Natka Mickovi}, *Literaturata za deca i nejzinite vospitni mo`nosti*, Samoupravna praktika, Skopje, 1988, str.45.

секој оној кој не е добар со луѓето станува вештер. Но, во мојата книга, едно дете на родители-вештери станува човек, со тоа што не ги сака лошите особини на неговиот род и го прекршува основното правило на вештерите - малечката вештеричка заплакува, значи покажува хумани емоции”, раскажува г-ѓа Манева. Таа ја објаснува оваа симболика врзана со фантазијата за да упати кон децата кои страдаат од недостаток на љубов”.

Во ***Седмичка малата вештеричка***, користејќи ги елементите на фолклорната традиција транспонирани во/низ сказната, каде нашле погодна почва, Славка Манева си поставила императив да ја илустрира својата круцијална идеја - човекот е во центарот на сè, тој е силен, им одолева на искушенијата и ги победува дури и натприродните сили. Тој поседува исконски копнеж за победа на доброто над злото. Неговата сила најчесто не е физичка, не е во големината на неговите мускули. Таа е скриена како оаза во пустина и само го чека вистинскиот миг за да бликне. Авторот отворено алудира и го посочува нејзиниот извор- таа е во сеопштата љубов, во хуманизмот, во човековата морална возвишеност...